Уп. Бр.08-118/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од РВА Интернатионал Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на Раиффеисенстрассе бр. 1, 2100 Корнеубург, Австрија, доставено преку полномошник Јасмина Илиева Јовановиќ, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 01.12.2021 година, го донесе следното:

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која РВА Интернатионал Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на Раиффеисенстрассе бр. 1, 2100 Корнеубург, Австрија по пат на купопродажба на удели ќе стекне директна единствена контрола над Патент ЦО. доо Мишиќево, со регистрирано седиште на ул. Владе Ќетковиќа бр. 1А, Мишиќево, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците **и е во согласност** со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.
Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) на ден 15.11.2021 година е доставено известување за концентрација, со која РВА Интернатионал Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на Раиффеисенстрассе бр. 1, 2100 Корнеубург, Австрија по пат на купопродажба на удели ќе стекне директна единствена контрола над Патент ЦО. доо Мишиќево, со регистрирано седиште на ул. Владе Ќетковиќа бр. 1А, Мишиќево, Република Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**РВА Интернатионал Холдинг ГмбХ** (RWA International) е индиректно поседувано зависно друштво на РВА Раиффесисен Варе Австрија Акционерско друштво (RWA Raiffeisen Ware Austria Aktiengesellschaft („РВА”). РВА е активна во дистрибуцијата на земјоделски производи, земјоделски инпути и производи за широка потрошувачка. Понатаму, РВА е холдинг компанија на групација компании („РВА Групација”) активни во следните сегменти: земјоделство, техничка опрема, енергетика, градежни материјали, градежништво и градинарство и услуги.

РВА Групацијата нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

**Патент ЦО. доо Мишиќево**, е компанија основана во 1991 година која се занимава со производство и продажба на добиточна храна и адитиви за добиточна храна на српскиот пазар и во странство. Патент Цо доо Лакташи, Босна и Херцеговина е зависно друштво во целосна сопственост на Патент Цо доо Мишиќево, кое се занимава со увоз и продажба на стоки произведени од Патент Цо Доо Мишиќево во Босна и Херцеговина.

Патент ЦО. доо Мишиќево нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот. Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**